**ОДЛУКА за вршење на избор на кандидат по Јавен оглас 2/2025 за 1 извршител на неопределено време за работно место Хаус мајстор односно Домаќин, за ниво Б02 во помошно техничко одделение**

1.За работно место Хаус мајстор односно Домаќин, за ниво Б02 во помошно техничко одделение по објавен оглас 2/2025 со арх.бр.04-335/2 објавен на ден 11.06.2025 година, за еден (1) извршител, се избира кандидатот Ивица Димковски.

2. Избраниот кандидат се стекнува со статус на помошно технички персонал, во помошно-техничко одделение и ќе извршува работни задачи предвидени во Правилникот за систематизација на работни места во НУ Музеј Куманово за работно место хаус мајстор односно домаќин.

3. Изборот е извршен врз основ на Предлог за вршење на избор на кандидат по оглас 02/2025 за работно место хаус-мајстор односно домаќин со арх.бр.04-361 од ден 20.06.2025 година.

3. Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на Н.У. Музеј- Куманово и на огласна табла во Музејот.

4. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 на оваа Одлука по конечноста на оваа одлука по што директорот ќе склучен договор за вработување на неопределено време и ќе донесе решение за статус.

5. Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзино донесување.

***Образложение***

Во врска со Јавен оглас 02/2025 со арх.бр. 04-335/2 објавен на ден 11.06.2025 година за работно место Хаус мајстор односно Домаќин, за ниво Б02 во помошно техничко одделение, еден (1) извршител на неопределено време Министерот за култура со Известување формираше Комисија за спроведување на постапка за избор по јавен оглас, која комисија спроведе постапка за административна селекција на пристигнати пријави со Записник бр.04-360 од ден 20.06.2025 година и постапка за веродостојност на докази и интервју со Записник бр.04-360/1 од ден 20.06.2025 година и утврди дека кандидатот Ивица Димковски е единствен пријавен кандидат на јавниот оглас кој воедно ги исполнува и општите и посебните услови предвидени за работно место хаус мајстор односно Домаќин, а за кое нешто комисијата има доставено до в.д. директор Предлог за вршење на избор на кандидат по оглас 02/2025 со арх.бр04-361 од ден 20.06.2025 година за работно место Хаус мајстор односно Домаќин во помошно техничко одделение.

Со оглед на горенаведеното в.д. директорот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе приговор, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на истата до Управен одбор на Н.У. Музеј – Куманово.